# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РЕСЕН


Службен гласник на Општина Ресен -излегува по потреба

Петок 26.10.2018 год.

бр.13 година 53
Ресен

Уредува
Стручна служба
Тел. 047/551- 483


# АКТИ НА ОПШТИНА РЕСЕН

**1.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) донесувам

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за намера за реализација на проект за подобрување на нивото и квалитетот на општинските услуги - "Реконструкција на улици во градот Ресен"
по пат на задолжување во МСИП2.

Се прогласува Одлуката за намера за реализација на проект за подобрување на нивото и квалитетот на општинските услуги - "Реконструкција на улици во градот Ресен" по пат на задолжување во МСИП2., Општина Ресен, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 26.10.2018 година.

Бр.09-2052/1
26.10.2018 година
Р е с е н

Градоначалник
Живко Гошаревски с.р.

Врз основа на член 36 ст. 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02) чл 23 ст. 1 т. 47 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен Гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) член 18 став 3 и член 20 став 1 и 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/2015) а во врска со член 16 став 4 од Законот за јавен долг ("Службен весник на РМ" бр.62/05, 88/08 и 35/11 и 139/2014), Советот на Општина Ресен на 19-та седница, одржана на ден 25.10.2018 год. донесе:

О Д Л У К А
за намера за реализација на проект за подобрување на нивото и квалитетот на општинските услуги - "Реконструкција на улици во градот Ресен"
по пат на задолжување во МСИП2

Член 1

Со оваа одлука се уредува долгорочното препозајмување на Општина Ресен по пат на склучување на Договор за под-заем со Владата на Република Македонија, Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени од Меѓународна банка за обнова и развој- Светска банка, по Вториот проект за подобрување на општинските услуги, Јавен повик бр. МСИП2 01/2016.

Член 2

Средствата од долгорочното препозајмување во максимален износ од **29.594.838,12 денари,** со вклучен ДДВ, ќе бидат искористени за проектот- “Реконструкција, на улици во градот Ресен“, кој претставува **висок приоритет на Општината Ресен.**

Член 3

Задолжувањето/под-заемот ќе се реализира под следниве услови:

-максимален износ на главнина: **29.594.838,12 денари**
-каматна стапка: **шестмесечен ЕУРИБОР со варијабилен распон**
-рок на отплата: **13 години**
-грејс период: **3 години**
-отплата на под-заемот: **согласно амортизационен план, не подолго од 13 години.**

Член 4

Во името на Општина Ресен, Договорот за подзаемот од членот 1 на овој член ќе го потпише Градоначалникот на Општина Ресен, по претходно добиена согласност од страна на Министерството за финансии и спроведена постапка во согласност со закон.

Член 5

Обврските кои ќе настанат по склучувањето на договорот за под-заем, со Министерството за финансии на РМ, ќе се врши од Буџетот на Општина Ресен.

Член 6

Со денот на стапување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за намера за реализација на проект за подобрување на нивото и квалитетот на општинските услуги - “Реконструкција, употреба и одржување на улици во градот Ресен“ по пат на задолжување во МСИП2, донесена под бр. 08-201/5 од 31.01.2018 година, објавена во Службен Гласник на Општина Ресен под бр.1/2018.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-2031/3 Претседател

25.10.2018 год. Никола Станковски с.р.

С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за намера за реализација на проект за подобрување на нивото и квалитетот на општинските услуги - "Реконструкција на улици во градот Ресен" по пат на задолжување во МСИП2...............................................стр. 1